# Flood - protect yourself from animal and insect related hazards

# Поплава - заштитете се од опасности што произлегуваат од животни и инсекти

Macedonian

Кога се враќате во подрачје зафатено од поплава, запомнете дека  во вашата куќа, во шупата или во градината може да бидат заробени диви животни, вклучувајќи глодачи, змии или пајаци.

### Општо земено:

- Избегнувајте диви или заталкани животни. За совет во врска со тоа како да постапите со животни, јавете се во вашата локална општина, во прифатилиште за животни или кај ветеринар.
- Обезбедете ги сите извори на храна за да не привлекувате глодачи.
- Внимавајте на змии.
- Комарците може брзо да се намножат во водата од поплавата и да станат проблем.
- Животните миленици и другите животни што пцовисале треба да бидат отстранети колку што е можно поскоро. За совет во врска со безбедното отстранување зборувајте со вашата локална општина или со ветеринар.

## Како да постапувате со змии

Како и другите жители, и змиите може да се раселат при поплава. Како последица на тоа, тие може да побараат засолниште и храна во куќи, шупи и други градби.

Оштетените градби и шутот им се подостапни на змиите.

### Кога сте надвор:

- Носете цврсти работни чевли и ракавици, и долги панталони за да си ги заштитите нозете.
- Внимавајте каде ги ставате рацете и нозете кога отстранувате или расчистувате шут.
- Ако видите змија, полека отстапете од неа и пуштете ја да си продолжи по својот пат. Немојте да ја допирате.
- Отстранете го шутот околу вашата куќа веднаш штом тоа ќе биде практично, зашто тој  може да привлече глодачи, гуштери и инсекти со кои змиите се хранат.
- Чувајте се од змии што можеби пливаат во водата обидувајќи се да дојдат до посуво место.

### Кога сте внатре:

Ако најдете змија во вашата куќа, немојте да се тревожите:

- Побарајте совет од некој што знае како безбедно да ја отстрани змијата. Јавете се во Department of Sustainability & Environment (Оддел за одржливост и животна средина) на 136 186 за да ги дознаете имињата на најблиските овластени ловци на змии.

### Ако ве касне змија:

- Обидете се да ја запомните бојата или обликот на змијата за да ви помогне при лекувањето.
- Немојте да ја миете кожата околу укасаното место.
- Мирувајте, бидете спокојни и веднаш побарајте лекарска помош.
- Ако не можете веднаш да отидете во болница, применете прва помош - легнете или седнете така што местото каде што сте каснати ќе ви биде под нивото на срцето. Покријте го укасаното место со чиста сува газа или завој и, ако е можно, имобилизирајте ја раката или ногата.
- Немојте да ставате подврски, да го сечете укасаното место за да го извадите отровот, ниту пак да се обидувате да го ишмукате отровот од раната.
- Немојте да пиете алкохол.

## Пајаци

### Ако ве касне црвеногрб пајак (red back spider):

- Измијте го добро укасаното место и ублажете ја болката со мраз или со чиста студена вода.
- При каснување од црвеногрб пајак не се препорачува примена на притисок, а тоа често и ја влошува болката.
- Веднаш побарајте лекарска помош.

### При каснување од други видови пајаци:

- Измијте го местото со сапун и вода.
- Ставете мраз ако укасаното место ве боли.
- При каснување од други видови пајаци најчесто не е неопходна друга прва помош.
- Јавете се кај вашиот лекар ако се јават знаци или ако не минуваат.
- Ако е можно, треба да го фатите пајакот за да се утврди со сигурност за каков вид пајак се работи.

### Немојте да привлекувате глодачи

- Глодачите пренесуваат болести и штетници се.
- Отстранете ги изворите на храна и предметите во кои глодачите може да се засолнат.
- Мијте ги садовите и приборот за готвење веднаш по употребата.
- Фрлете ги ѓубрето и шутот веднаш штом тоа ќе биде можно.
- Поставете мамки или стапици за глодачи.

A Victorian Government initiative

State Government Victoria

Department of Human Services

### Избегнувајте ги комарците

- Во Викторија, некои комарци може да пренесуваат болести како што се вирусот Ross River или вирусот Barmah Forest, што може да се пренесат на луѓето преку убод од комарецот.
- Дождот и поплавите може да доведат до зголемување на бројот на комарците кога водата се повлекува и се формираат бари.

### Што да сторите за да избегнете убод од комарци:

- Заштитете се од комарците.
- Носете долги панталони, чорапи, кошули со долги ракави, а на кожата нанесете средство што одбива инсекти и што содржи  N, N-Diethyl-m-toluamide (DEET) или pircaridin.
- Следете ги упатствата од налепницата на производот за одбивање инсекти.
- Бидете внимателни кога користите средства за одбивање инсекти кај мали деца. Избегнувајте ги оние делови од рацете на децата што  може да се допрат до очите или до устата.

### За да помогнете да се контролира бројноста на комарците околу вашиот дом:

- Ако е тоа изводливо, извадете ја преостанатата застојана вода од отворените садови како што се саксии за цвеќиња, неупотребувани конзерви, гуми или кофи.
- Редовно менувајте му ја водата за пиење на вашето животно миленик.

## Муви

- Пренесуваат болести и пречат.
- Ако се насоберат храна и ѓубре, тие станува подлога за размножување на муви.
- Исчистете ги остатоците од храна колку што е можно поскоро.

## За натамошни информации

Ако сте каснати или повредени од животно или инсект, веднаш побарајте совет од вашиот лекар.

За информации за овластени ловци на змии јавете се во Department of Sustainability & Environment Customer Information Centre (Центар за информирање на корисниците при Одделот за одржливост и животна средина) на 136 186.

## Други информативни листови во врска со јавното здравје при поплави

- Опасности при поплави - Како да ги заштитите вашето здравје и безбедност
- Прекини на електричната енергија - безбедно користење на други видови гориво и струја
- Поплави - појавата на мувла и вашето здравје

Дополнителни листови може да се симнат од местото на интернет на Одделението за здрава животна средина (Environmental Health Unit) на:
www.health.vic.gov.au/environment/emergency_mgmnt/index.htm

## Четива


Protect Yourself from Animal and Insect related Hazards After a Natural Disaster (Заштитете се од опасности поврзани со животни и инсекти после природна непогода) (2005), Centre for Disease Control & Prevention (Центар за контрола и спречување на болести), Department of Health & Human Services (Оддел за здравје и општествени служби).

Dealing with Snakes After a Storm or Flood (Како да се постапува со змии после бура или поплава) (2002), North Carolina State University (Државен универзитет на Северна Каролина) и US Department of Agriculture (Американски оддел за земјоделство).

Mosquitoes can carry diseases (Комарците може да пренесат болести) (2007) Better Health Channel (Канал за подобро здравје), Department of Human Services Victoria (Оддел за општествени служби на Викторија).

Bites and stings: first aid (Укасувања и убоди: прва помош) (2007), Better Health Channel (Канал за подобро здравје), Department of Human Services Victoria (Оддел за општествени служби на Викторија).



Издава Department of Human Services (Оддел за општествени служби), Environmental Health Unit (Одделение за здрава животна средина)

Датум на издавање:  јуни 2007 г.

State Government Victoria Department of Human Services